ГРАНИТ

Градежно друштво
ГРАНИТ АД
Бр. 12-108
13.01. 2025 год.
СКОПЈЕ

www.granit.com.mk

D2

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

за работењето на

# СЛУЖБАТА ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА

за 2024 година

Јануари, 2025

Листа за дистрибуција на Извештајот

Надзорен Одбор на ГД Гранит АД Скопје

ГД ГРАНИТ АД СКОПЈЕ
granit@granit.com.mk | Тел: +389 2 3218 700 | Факс:+389 2 3217 976
Димитрие Чуповски 8, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
ЕМБС: 4054261

СЛУЖБА ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА
revizijagranit@granit.mk | Тел: +389 2 3218 714 | Факс:+389 2 3217 976
Димитрие Чуповски 8, 1000 Скопје, Република Северна Македонија

СОДРЖИНА

1. Вовед
2. Преглед на извршени ревизии
3. Останати активности на Службата за внатрешна ревизија
4. Наоди и дадени препораки
5. Следење на Кодексот на корпоративно управување
6. Оценка на адекватноста на системот на внатрешна контрола

ГД ГРАНИТ АД СКОПЈЕ
granit@granit.com.mk | Тел: +389 2 3218 700 | Факс:+389 2 3217 976
Димитрие Чуповски 8, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
ЕМБС: 4054261

СЛУЖБА ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА
revizijagranit@granit.mk | Тел: +389 2 3218 714 | Факс:+389 2 3217 976
Димитрие Чуповски 8, 1000 Скопје, Република Северна Македонија

1. Вовед

Врз основа на Законот за трговски друштва (Сл.Весник 28/2004) член 415-а, член 415-б и член 415-в, Законот за измена и дополнување на законот за трговски друштва (Службен весник 28/2024, 84/2005, 25/2007, 87/2008, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187,13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18, 120/18 и 290/2020), Правилникот за работа на Службата за внатрешна ревизија на ГД Гранит АД, предадениот План за внатрешна ревизија за 2024 година, Службата за внатрешна ревијзија до Надзорниот Одбор на ГД Гранит АД Скопје го доставува Годишниот извештај за нејзиното работење за изминатата 2024 година.

Во Извештајот се опфатени основните активности на Службата за внатрешна ревизија кои се однесуваат на:

- Опис на извршени редовни и вонредни ревизии во Друштвото и неговите Организациони единици според Планот за ревизија за 2024 година;
- Опис на останати активности на Службата за внатрешна ревизија, реализација на поставените цели на Службата, наоди и дадени препораки за надминување на констатираните забелешки и степен на имплементација на препораките;
- Оценка на адекватноста на системите за внатрешна контрола и мислење со соодветни заклучоци и препораки за подобрување на состојбата;
- Следење на усогласеноста на организацијата и дејствувањето на Друштвото со Кодексот на корпоративно управување, согласно Законот за трговски друштва и заклучокот на Надзорниот Одбор број 12-13206 од 10.12.2020;

2. Преглед на извршени редовни и вонредни ревизии

Во текот на 2024 година во согласност со Планот за работа на Службата за внатрешна ревизија, изготвен е полугодишен извештај во кој е опфатено целокупното работење на Службата за првото полугодие од изминатата година. Конкретно, акцентот беше ставен на проверки на работењето на ОЕ Механизација, во делот на соработка и искористеност на ресурсите на градежната механизација и транспортните средства, како и во делот на соработката со надворешни даватели на услуги, кои директно учествуваат во процесот на реализација на проекти, кои ги изведува Друштвото. Службата за внатрешна ревизија изврши проверка и на одредени процеси при продажба на материјали произведени во организационите единици на Друштвото. Во текот на годината беше извршена и ревизија во однос на искористеноста и состојбите со дробиличните построенија во состав на ОЕ Каменоломи. Исто така, во тековната година беше извршена и проверка на целокупната документација во делот на соработката со надворешни подизведувачи на следниве објекти кои ги изведува Друштвото:

- Рехабилитација на национален пат А4, секција Блаце -Скопје ЛОТ 3,
- Рехабилитација и реконструкција на државен пат А, делница К.Паланка-Деве Баир

Спроведените ревизии и предадените извештаи од страна на Службата за внатрешна ревизија се прикажани во табеларен приказ за 2024 година:

| Р.бр. | Назив на извештајот | Број | Датум | Доставен до: |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Искористеност на ресурсите на ОЕ Механизација | 01/2024-06 | 18.06.2024 | Претседател на Надзорен одбор |
| 2 | Продажба на материјали по пат на компензација од ОЕ Каменоломи | 02/2024-06 | 30.06.2024 | Претседател на Надзорен одбор |
| 3 | Полугодишен извештај на СВР | 23-5834 | 26.07.2024 | Претседател на Надзорен одбор |
| 4 | Искористеност на леки возила во ГД Гранит АД | 03.10.2024 | 21.10.2024 | Претседател на Надзорен одбор |
| 4 | Квалитативна анализа за набавени камионски гуми | 03/2024-10 | 21.10.2024 | Претседател на Надзорен одбор |
| 5 | Анализа на работењето на ОЕ Каменоломи | 04/2024-11 | 12.11.2024 | Претседател на Надзорен одбор |

Изготвените извештаи од направените ревизии и контроли идентификуваат одредени забелешки, и за истите заедно со Менџментот, донесени се соодветни препораки и конкретни корективни мерки за решавање на идентификуваните забелешки, утврдени со рокови и динамика за нивна реализација.

3. Останати активности на Службата за внатрешна ревизија

За извршените ревизии во 2024 година, СВР изврши мониторинг на степенот на дадените препораки, како и свои согледувања за надминување на констатираните забелешки и реализација на донесените заклучоци.
Во текот на целата измината година, Службата за внатрешна ревизија по однос на одредени стручни прашања, обавуваше консултации, даваше мислења, совети и напатствија на вработените и раководните лица во Друштвото.
Во тој контекст, можеме да напомeнеме дека Службата даде одредени препораки за подобрување и дополнување на постојните Правилници и Постапки кои уредуваат одредени процеси во Друштвото, од кои како такви, можеме да ги издвоиме следниве:

- Правилникот за работа, правата и обврските на вработените во ремонтна работилница на ОЕ Механизација;
- Постапка за подготовка, пуштање и одржување на дробиличните построенија во состав на ОЕ Каменолими;
- Правилник за спроведување на набавки во Друштвото;
- Правилник за начинот на користење и одржување на службените возила на ГД Гранит АД;
- Правилник за користење на службени возила од страна на Менаџерскиот тим на Друштвото.

Од страна на работниот кадар на СВР, вложен е максимален напор за реализација и доследна примена на сите препораки, преку следење на состојбите, присуство на работни состаноци, давање на стручни мислења и реализација на дадените препораки и заклучоци. За поуспешно реализирање на плановите и ревизиите се превземаат дополнителни мерки, се применуваат воспоставените стандарди и се врши континуирано професионално усовршување на кадарот вработен во Службата.

4. Наоди и дадени препораки

Внатрешната ревизија при реализација на Годишниот План за 2024 година беше фокусирана на ефикасно и ефективно реализирање на планираните ревизии во рамки на расположливото време и овозможените човечки ресурси. Во 2024 година, најголем дел од планираните активности согласно доставениот и прифатен Годишен план на Службата, се реализирани.
Службата за внатрешна ревизија во континуитет вршеше контроли кои се поврзани со севкупното работење на Друштвото, со што се покриени планираните сегменти и деловни процеси, оценети од страна на Службата како приоритет.
Службата за внатрешна ревизија, како резултат на следење и реализација на дадените препораки, укажува дека дадените забелешки во принцип се почитуваат и спроведуваат, со исклучок на одредени, за кои е потребен подолг временски период за реализација.

5. Следење на Кодексот на корпоративно управување

Согласно Законот за трговски друштва, вклучувајќи ги и измените и дополнувањата наведени во Службен весник број 290 од 07.12.2020 и заклучокот на Надзорниот одбор број 12-13206 од 10.12.2020, во текот на 2024 година Службата за внатрешна ревизија во континуитет ја следеше усогласеноста и дејствувањето на Друштвото споредено со начелата од Кодексот на корпоративно управување.

Како такви ги издвојуваме следниве начела на управување:

- Начело на гарантирање на правата и интересите на акционерите
- Начело на транспарентност
- Надзор и ревизија над работењето на Друштвото
- Начело на спречување корупција
- Начело на заштита на лични податоци
- Информирање на јавноста

Имплементирајќи го Кодексот на корпоративно управување во согласност со Законот за трговски друштва од 2020 година, потврдуваме дека Друштвото и во изминатава 2024 година во целост ги практикува и применува начелата на Кодексот на корпоративно управување.

Друштвото во доменот на целото негово работење го почитува и спроведува постоечкиот Кодекс, кој е транспарентно објавен и на веб страната на ГД Гранит АД Скопје, а истовремено останува и насочено кон следење на најновите практики и имплементирање на истите во работењето.

Во насока на практична примена на начелото на транспарентност и гарантирање на правата и интересите на акционерите, како и информирање на јавноста, ГД Гранит АД Скопје во изминатата 2024 година, редовно и транспарентно ги објавуваше сите информации од интерес на својата веб страна.

Во Друштвото на висок степен е и свесноста за важноста на почитување на начелото на приватност кое произлегува од Законот за заштита на лични податоци. За таа цел, вложено е во технологии и човечки ресурси, како би се испочитувале во целост обврските кои произлегуваат од споменатиот закон.

Со извршените проверки од страна на СВР за почитување и примена на начелата од Кодексот за корпоративно управување на ГД Гранит АД Скопје, се констатира дека Друштвото во целост е усогласно и во целост ги извршува своите деловни активности во согласност со Кодексот.

6. Оценка на адекватноста на системот на внатрешна контрола и мислење

За поуспешна работа при остварување на поставените годишни цели, Службата за внатрешна ревизија се води и прилагодува според постојната законска регулатива од која пак, произлегува и самата потреба за ревизија на одделни процеси во работењето на Друштвото.

Наодите и препораките од извршените контроли укажуваат дека постојат одредени забелешки добиени од процесите на контрола, кои бараат да посветиме поголемо внимание во иднина, односно постојано да укажуваме и потсетуваме за одредени

ГД ГРАНИТ АД СКОПЈЕ
granit@granit.com.mk | Тел: +389 2 3218 700 | Факс:+389 2 3217 976
Димитрие Чуповски 8, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
ЕМБС: 4054261

СЛУЖБА ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА
revizijagranit@granit.mk | Тел: +389 2 3218 714 | Факс:+389 2 3217 976
Димитрие Чуповски 8, 1000 Скопје, Република Северна Македонија

недостатоци кои навремено ќе бидат нотирани и отстранети од деловните активности на Друштвото.

Службата за внатрешна ревизија цени дека во најголемиот дел од контролите се идентификуваат можните ризици кои би се јавиле со тековното работење на Друштвото.

Врз основа на извршените ревизии во изминатата 2024 година, во доставените извештаи и анализи до раководните органи на Друштвото, за сите забелешки, дадени се и соодветни мерки и препораки за нивно отстранување.

Исто така, вршено е и континуирано следење во отстранувањето на одредени забелешки за работата на Друштвото.

Вака воспоставениот начин на работа придонесува ризиците во работењето да се сведат на минимум и воедно да се воспостават стандарди за поквалитетно, поекономично и поефикасно работење на ГД Гранит АД Скопје.

Службата за внатрешна ревизија во координација со раководните структури и органи на Друштвото, во идниот период ќе посвети особено внимание и проценка на можните ризици во работењето и ќе предложат мерки и активности за навремена детекција на ваквите ризици кај сите организациони делови на Друштвото.

Скопје, 10.01.2025

Директор на Служба за внатрешна ревизија

Филип Гошев

Градежно друштво ГРАНИТ АД Скопје

ГД ГРАНИТ АД СКОПЈЕ
granit@granit.com.mk | Тел: +389 2 3218 700 | Факс:+389 2 3217 976
Димитрие Чуповски 8, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
ЕМБС: 4054261

СЛУЖБА ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА
revizijagranit@granit.mk | Тел: +389 2 3218 714 | Факс:+389 2 3217 976
Димитрие Чуповски 8, 1000 Скопје, Република Северна Македонија